**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**СОБРАНИЕ**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Национален совет за евроинтеграции**
бр.30-3962/1
24 септември 2010 година

Почитувани,

Националниот совет за евроинтеграции продолжува со организирање на јавни расправи за законите за кои е неопходна поширока дебата, а која ќе овозможи донесување на квалитетни закони и квалитетна подготовка за прифаќање на обврските од членството на Република Македонија во Европската унија.

Во оваа насока Националниот совет за евроинтеграции Ве поканува да учествувате на јавната расправа

**„Политиките за унапредување на животната средина во Република Македонија"**

Јавната расправа ќе се одржи на **29 септември (среда) 2010 година, со почеток во 14.00 часот, во Собранието на Република Македонија, во сала "Борис Трајковски"**.

Во прилог на Вашата електронска пошта Ви се доставуваат:

- Предлог на закон за ратификација на Протоколот за тешки метали од 1998 година кон Конвенцијата на UNECE од 1979 година за далекусежно прекугранично загадување на воздухот;
- Предлог на закон за ратификација на Протоколот за перзистентни органски загадувачи (ПОПс) од 1998 година кон Конвенцијата на UNECE од 1979 година за далекусежно прекугранично загадување на воздухот, и
- Предлог на закон за ратификација на Протоколот за борба против киселењето, еурофикацијата и понискиот слој озон од 1999 година кон Конвенцијата на UNECE од 1979 година за далекусежно прекугранично загадување на воздухот.
- Политиките за животна средина и климатски промени на Европската унија- документ подготвен од Секторот за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции.

Ве молам Вашето учество да го потврдите најдоцна до 28 септември 2010 година на email: nsei@sobranie.mk, или на тел. 311 22 55, локал 289.

Со почит,

**Претседател на**
**Националниот совет за евроинтеграции**
**Радмила Шекеринска, с.р.**